ДО
НИК ,,НОВА ПРИНТ,,-ДООЕЛ
Ул.,,Атинска,, бр. 12
СКОПЈЕ

П-РЕДМЕТ: Барање.

Ве молиме за потребите на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид да во Вашиот дневен весник ,,Нова Македонија,, го објавите следниот:

П О В И К
за одржување седница на Собранието
на акционери на АД,,ОХРИДТУРИСТ,, -Охрид

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Избор на претседавач и работни тела.

2. Усвојување на Записникот од седницата на Собрание на акционери одржана на ден 25.05.2012 година.

3. Разгледување на Извештајот за извршените активности за спроведување на постапката за поделба на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и за образложување на причините и целта за поделбата согласно планот за поделба од Одборот на директори на друштвото и донесување одлука.

4. Разгледување на Извештајот за Планот за поделба на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид изготвен од Ревизорската куќа ,, МУР СТИВЕНС,, ДОО Скопје и донесување одлука

5. Потврдување на Планот за поделба на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид.

6. Усвојување на Договорот за основање на Друштвото со ограничена одговорност за хотелско-угостителска дејност ,,СЛАВИЈА 2012,, ДОО Охрид
-Донесување Одлука за усвојување на Договорот за основање на Друштвото со ограничена одговорност за хотелско-угостителска дејност ,,СЛАВИЈА 2012,, ДОО Охрид
-Донесување Одлука за избор на Управител на Друштвото со ограничена одговорност за хотелско-угостителска дејност ,,СЛАВИЈА 2012,, ДОО Охрид

7. Усвојување на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид.

8. Усвојување на завршната сметка заклучно со 31 мај 2012 година.

9. Потврдување на Одлуката за давање согласност за дополнително вложување од страна на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,- Охрид во Друштвото за хотелско-угостителска дејност ,,Палас 2012,, ДООЕЛ - Охрид и Друштвото за хотелско-угостителска дејност ,,Летница 2012,, ДООЕЛ - Охрид

Седницата на Собранието на друштвото ќе се одржи на ден 15.08.2012 година со почеток во 11,00 часот во просториите на хотел ,,ПАЛАС,, на ул.,,Партизанска,, бр. 8, Охрид.

Акционерите на Собранието можат да присуствуваат лично или може да именуваат полномошник. Именувањето на полномошникот се врши со писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Како услов за уважување на полномошното, како и верификација на дадените инструкции за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен известувањето за даденото полномошно да го достави до Друштвото да приложи и соодветна документација за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува копија од лична карта или пасош.
2. За акционер домашно правно лице се приложува тековна состојба од Централниот регистар на Р.Македонија, во оригинал не постара од десет дена.

За важечко ќе се смета и полномошно за застапување дадено од акционер на друго лице кое акционерот го заверил кај нотар.

Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на седницата на Собранието и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на седницата на Собранието, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавувањето на учеството на седницата акционерите го вршат со писмена пријава, а полномошниците кон писмената пријава приложуваат полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот, давател на полномошното, и фотокопие од документацијата наведена во точка 1 или 2 погоре.

Доставата се врши до АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,- Охрид, ул. ,,Партизанска,, бр. 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество заради уредно спроведување на процедурата на одржување седницата на собранието.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и предлог одлуки по точките од дневниот ред со соодветно образложение.

АД,,ОХРИДТУРТИСТ,,-ОХРИД

Генерален директор,

Рахман Џемал